„Наредете им на вашите деца да го клањаат намазот кога ќе наполнат седум години, а казнете ги ако одбијат кога ќе наполнат десет години, и во тие години раздвојте ги машките од женските во постела.“

Амр бин Шуајб пренесува од неговиот татко, кој пак од неговиот татко пренесува, дека рекол: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, вели: „Наредете им на вашите деца да го клањаат намазот кога ќе наполнат седум години, а казнете ги ако одбијат кога ќе наполнат десет години, и во тие години раздвојте ги машките од женските во постела.“

[حسن] [رواه أبو داود]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ни објаснува дека таткото е должен да им наредува на своите деца, машки и женски, да клањаат кога ќе наполнат седум години и да ги подучат за сè што им е потребно за да го клањаат намазот. А кога ќе наполнат десет години, тогаш уште посилно ќе им нареди, па дури и ќе ги дисциплинира ако одбијат, исто така ќе ги одвои машките од женските деца да не спијат заедно (во една постела).

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5272